2077.

Врз основа на член 113 став 5 и член 190 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2005), Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на 13-10-2006 година, донесе

П Р А В И Л Н И К ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА БРОКЕРИ

Член 1

Со Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на брокери (во натамошниот текст: Правилник) се уредува формата, содржина и начинот на водење на Регистарот на брокери (во натамошниот текст: Регистар) во Комисијата за хартии од вредност (во натамошниот текст: Комисија).

Член 2

Во Регистарот на Комисијата се запишуваат лицата кои имаат добиено решение за давање дозвола за работење на брокер (во понатамошниот текст: дозвола за работење на брокер) од Комисијата за хартии од вредност во Република Македонија (во понатамошниот текст: брокери).

Член 3

Податоците во Регистарот се водат во електронска форма.

Член 4

Регистарот е достапен за јавноста преку официјалната интернет страница на Комисијата за хартии од вредност.

Член 5

Во Регистарот се запишуваат следните податоци:

- име и презиме на брокерот;
- датум на раѓање на брокерот;
- година на полагање на испитот за работа со хартии од вредност;
- број на дозволата за работење на брокер;
- датум на издавање на дозволата за работење брокер;
- датум на важност на дозволата за работење на брокер;
- број на решението за обновување на дозволата за работење на брокер;
- датум на обновување на дозволата за работење на брокер;
- датум на важност на обновената дозвола за работење на брокер;
- изречени мерки, забрани и други санкции за вршење работи со хартии од вредност кои се на сила;
- овластен учесник на пазарот на хартии од вредност, каде брокерот е вработен и
- други податоци во врска со работата на брокерот.

Член 6

Податоците за Регистарот, Комисијата ги добива од сопствената евиденција, физичките лица кои имаат дозвола за работа како брокери, овластените учесници на пазарот на хартии од вредност, надлежен суд и други институции кои располагаат со податоци за внес во Регистарот.

Член 7

(1) Податоците содржани во Регистарот имаат статус на претпоставена точност и вистинитост.

(2) За точноста на податоците што се доставуваат во Регистарот одговараат субјектите од член 6 на овој Правилник согласно евиденцијата на податоци со која располагаат.

Член 8

За промена на овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност каде брокерот е вработен, брокерот е должен да ја извести Комисијата.

Член 9

Податоците од член 5 од овој Правилник се прикажуваат согласно прилогот, кој е составен дел на овој Правилник.

Член 10

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 03-2180/1 Комисија за хартии од вредност
13 октомври 2006 година Претседател,
Скопје проф. д-р **Весна Пендовска**, с.р.

Прилог 1

ОБРАЗЕЦ ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАР НА БРОКЕРИ

Ред. број	Име и презиме на брокерот	датум на раѓање на брокерот	година на полагање на испитот за работа со хартии од вредност	број на Решението за давање дозвола за работење на брокер	датум на издавање на дозволата за работење на брокер	датум на важност на дозволата за работење на брокер	број на Решението за обновување на дозволата за работење на брокер	датум на обновување на дозволата за работење на брокер	датум на важност на дозволата за работење на брокер	изречени мерки, забрани и други санкции за вршење на работи со хартии од вредност кои се на сила	овластен учесник на пазарот на хартии од вредност, каде брокерот е вработен	други податоци во врска со работата на брокерот
1.												
2.												
3.												
4.												
5.												
6.												
7.												